УНИ Банка
Твојата Банка

Врз основа на член 86 од Законот за банки и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје ( во натамошниот текст: Банката), на седница одржана на ден 17.10.2022 година, донесе:

# О Д Л У К А
## за именување на член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

1. За член на Надзорниот одбор на Банката се именува Константин Илијчов Арнаудов.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука изнесува 4 (четири) години, сметано од денот на добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на РСМ.

3. Именуваниот член на Надзорниот одбор на Банката има права и обврски согласно Законот за банките, Статутот и актите на Банката.

4. Се овластува Управниот одбор на Банката заради реализација на оваа одлука да ги превземе сите потребни правни дејствија пред Народна Банка на РСМ и Централниот регистар на РСМ.

5. Одлуката да се достави до Народна Банка на РСМ, заради добивање на согласност за членот на Надзорниот одбор, до именуваното лице и архивата на Банката.

6. Одлуката влегува во сила по добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на РСМ за именуваниот член.

СО број:0201/5-12/2022
17.10.2022 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Образложение

кон Одлуката за именување на член на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

Поради истекување на мандатот на членот на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во април 2023 година, на седницата на Собранието на акционери се донесе одлука за именување на г-дин Константин Илијчов Арнаудов за член на Надзорниот одбор на Банката.

Предложениот кандидат Константин Илијчов Арнаудов, е лица со долгогодишно работно искуство од областа на корпоративното банкарство, поседува професионални квалификации да ги извршува работите од делокруг на работењето на Надзорниот одбор и ќе придонесе Банката и понатаму а работи стабилно и профитабилно.

Имајќи ги во предвид знаењето, искуството и стручните компетенции на предложениот кандидат сметаме дека ги исполнува законските услови и потребните квалификации за член на Надзорниот одбор на Банката.